УДК. 929:27-726.25(497.7)

Јасмина ЧОКРЕВСКА-ФИЛИП

# СЕЌАВАЊЕ НА ЈОАНИКИЈ ХАЏИ ЧЕШМЕЏИЕВ АРХИМАНДРИТ РАКОТИНСКИ



*Сл. 1. Јеромонах Јоаникиј*
*Fig. 1. Heromonachos Joanikij*

*Архимандритот Јоаникиј Ракотински, кој е роден во Охрид, најголемиот дел од својот долг живот го поминал во манастирот Св. Илија во скопското село Ракотинци. Овој значен црковен отец бил почитуван за време на животот поради своите дејности, а во овој труд се сеќаваме на него разгледувајќи неколку негови предмети донесени од Светата земја.*

Селото Ракотинци, лоцирано југозападно од Скопје, во нашата црковна историја е запаметено по архимандритот Јоаникиј Хаџи Чешмеџиев, истакнат духовник посветен на верниците, чиешто нераспадливо тело се појавило таму. Денес моштите се наоѓаат во Македонската православна црква и се чека процесот на неговата канонизација. Архимандритот Јоаникиј е еден од мноштвото православни свештеници, кои освен негувањето на верата, во деветнасетиот век во Македонија се забележани по својот придонес во подигањето на светите храмови.

Роден во 1839 година во Охрид, отецот Јоаникиј Хаџи Чешмеџиев рано се замонашил и бил исповедник на тогашниот митрополит Варнава (кој подоцна станал Патријарх српски) (сл.1). Тој поминал извесен период на Света Гора, но најдолго престојувал во Скопско, прво во Нерези, Марковиот манастир, за потоа да замине во блиското село Ракотинци. Заедно со селаните отецот ја обновил црквата посветена на пророкот Св. Илија и воедно бил заслужен што во рамките на црката било отворено и училиште. Во текот на својот живот отец Јоаникиј бил високо почитуван од селаните и служел во двете цркви во селото. Покрај духовната заштита, отецот бил познат и со своите лекарски способности, кои ги преточил во ракописот “Лекаруша”, што се чува на Богословскиот факултет во Скопје, а бил автор и на други трудови[1].

Како што споменавме погоре, отец Јоаникиј ја обновил црквата Св. Илија, а податок се среќава во старото издание на Ј. Хаџи-Васиљевиќ, кој дава преглед на градот Скопје и неговата околина. Авторот дава и препис на ктиторскиот натпис кој денес не постои.[2]

**Во имѧ оца и сина ис(вета)го д(ꙋ)ха аминъ. Єеи с(ве)тии храмъ во имѧ с(вє)таго пр(о)(о)ка Илиа ѡбновихъ смиренні азъ Іѡа(н)ки їер(омонахъ) г.Чешмеджїєвъ род. изъ г. Охридъ во 1875 лѣ. совершисъ во 1879. 19 їꙋлїа иждивенїємъ ѡбщимъ православныъ хр(и)ст(и)анѡмъ, ѕографы Петре и Наце Николови изъ гр. Велесъ.**

Во поново време на поранешното место на црквата е изградена нова, со помали димензии. Од натписот дознаваме дека автори на живописот биле зографите Петре и Наце Николови од Велес.

---

[1] Види: preminportal.com.mk/content/view/1073/138/;preminportal.com.mk/content/view/7337/54/.

[2] Натписот на авторот е преземен од изданието на В. Ј. Петковић, Гласник на СНД, III, Скопље 1928, 53, види: Ј. Хаџи-Васиљевић, *Скопље и његова околина*, Београд 1930, 430.



*Сл. 2. Архимандрит Јоаникиј на 100 годишна возраст, весник Политика, 1939*
*Fig. 2. Prior Joanikij at the age of 100 years, newspaper Politica, 1939*

Според изучувачот А. Василиев, Петре и Наце биле браќа во семејното стебло на Рензовци, синови на Никола Дамјанов (1810-1860) - братот на Андреј Дамјанов. Петре Николов иконопис учел кај татка си и се претпоставува дека е роден во 1850, а починал во 1921 година. Василиев го смета за еден од најдобрите претставници на рензовските мајстори, тој главно бил иконописец, со икони што се наоѓаат во Велешко, Скопско, Кумановско и други места. Неговиот помлад брат Наце се занимавал со разни дејности и бил најписмен во семејството. Тој бил учител во Прилеп и Гевгелија, учествувал во резбарењето на иконостасот во скопската црква Св. Димитрија и живеел во Штип. [3]

Отец Јоаникиј починал на 101-годишна возраст (24 јануари 1940 година) и бил погребан во гробот што си го подготвил самиот (сл. 2). Неколку години подоцна, црквата настрадала од подземни води, и тогаш се појавило нетлееното тело на отец Јоаникиј. По оваа случка, неговото тело е преместено кај црквата Св. Богородица. По некое време, селаните решиле дека архимандритот Ракотински треба да се врати во стариот гроб, но на иницијатива на Македонската православна црква моштите на отецот Јоаникиј се преземени и се чуваат во специјално изработен кивот.

Во текот на својот живот отец Јоаникиј ја посетил и Светата земја, зашто како и за сите верници, и за него поклонението претставувало физичко и духовно патување и зацврстување на верата.[4] Христијаните со патувањето добивале духовно обновување, наоѓање цврстина на телото и умот, покајување и благослов. По патувањето на светите места за спомен од поклонението верниците се враќале со подароци, спомени, познати како еулогии (ευλογία - благослови). Дарови од Светата земја најчесто биле т.н. ерусалими, икони, графики, крстови и други предмети. По враќањето од поклонение, верниците честопати овие дарови им ги оставале на локалните цркви, но и на блиски во своето семејство. Во црквата Св. Богородица во Ракотинци се чуваат две икони, со ликови на светите Константин и Елена и Раѓањето Христово, изработени во дрво и седеф, и можеби тие се подарок од отец Јоаникиј.[5]

---

[3] А. Василиев, *Български възрожденски майстори*, София 1965, 172-174. Делата на зографот Петар Николов од Велес се среќаваат во црквата Св. Никола, с. Павлешенци, во црквата Св. Атанасиј, с. Кокошиње (1889), црквата Св. Никола во с. Стрезовце (1893), Кумановско; види и В. Поповска-Коробар - Ј. Зисовска, *Икони од Кумановско во црквата Св. Никола во Куманово*, Куманово 2000, кат. бр. 16.

[4] Интересен труд за подготовките и патот кон Светата земја во XIX век дава : П. Костић, *Црквени живот православних Срба у Призрену и његовој околини у XIX веку*, Београд 1928, 41-45.

[5] Баква икона на Воскресението Христово се наоѓа и во Музејот на Македонија, види: В. Поповска- Коро-



*Сл. 3. Дарови од аџилакот во Светата земја*
*Fig. 3. Gifts from pilgrimage from the Holy land*

Отец Јоаникиј бил мошне близок со своето семејство. Едниот брат му бил сајџија, а другиот продавал книги на современи јазици издадени од Библиското друштво. Архимандритот Ракотински бил близок и со својата внука Стојна Ставрева, која кон крајот од XIX век се омажила и за подарок од него добила овоштарник.[6] Во претходните години отецот ја дарувал внуката и со скромните дарови од своето поклонение, на кои ќе се осврнеме овде.[7] Тоа се неколку предмети: еден мал дрвен крст, школка, три камчиња и еден корен. (сл. 3)

Крстот во религијата претставува најзначаен симбол на Христовата жртва, победата над смртта, уништувањето на злото, помирувањето на Господ со човекот, отворање кон рајот и воскресението.[8] Малиот дрвен крст (*crux ordinaria*) има димензии: 5,7 x 3,5 см, и според неговите рабови се насетува дека бил опшиен со сребрена жица. На едната страна е претставено Крштевањето Христово, а на другата Распетието. (сл. 4-5) Крштевањето е изрезбарено едноставно, со стилизација. Христос со благо нагласен ореол е претставен во стоечки став со прекрстени раце на градите, носи перизома, нозете му се долги и тој стои на мали бранчиња – реката Јордан. Од левата страна е полуфигурата на св. Јован Крстител, а од десната е ангелот. Над главата на Христос се видливи две засекувања што потсетуваат на гулаб – Светиот Дух. Композицијата е одвоена со три паралелно изведени линии. Распетието го прикажува Христос со ореол, распнат на крстот со високо кренати раце. Над Христовата глава делумно е видлив свиток што обично го носел натписот INBI (/ Ιησοῦς ὁ Ναζωραῖς ὁ Βδιλεῦςιῶν ᾿Ιουδαίων), композицијата е одделена со две паралелни линии.

Скапоцената школка каури (*cupraeidae*) и припаѓа на групата мали и големи морски полжави. Во далечното минато тие служеле како платежно средство, накит, но биле и симбол на жената, плодноста, богатството, крштевањето, воскресението и второто раѓање.[9] Примерокот од Светата земја е мал, со димензии 6,5 x 4 см, со бела млечна боја, а во горниот дел е испрскан со неправилни окер точки.

Во колекцијата се чуваат и три мали каменчиња што потекнуваат од Ерусалим. Камењата се симбол на силата, ненаметливоста, одлучноста, вечноста и бесмртноста.[10] Тие претставуваат и сеќавање на народот од Светата земја.[11] Во библијата се говори и за четирите атрибути на Бога: суверeност, милост, верност и светост, кои се како каменот и треба да не потсетуваат на него.[12]

Последниот предмет од колекцијата е мал, исушен корен. Според сеќавањата на блиските на С. Ставрева, овој корен се нарекувал Богородичина рака. Кога во семејството ќе се појавела некоја болест со симптоми на повисока температура, тие го ставале коренот во сад со вода, тој се ширел, а потоа со течноста се премачкувало челото на болниот. Коренот веројатно имал некое антипиретско дејство. Според народните кажувања, овој корен се нарекувал воскресно растение или јерихонска роза (*Anastatica hierochuntica)*. Според легендата,

бар, *Икони од Музејот на Македонија*, Скопје 2004, 309, кат.152.

[6] Овоштарникот бил голем и тој се наоѓал на местото каде што денес се издига гимназијата Р. Ј. Корчагин во Скопје.

[7] Овие предмети денес се во приватна сопственост.

[8] Крстот е носечкиот симбол на христијаните, инструмент на спасението на човекот со Христовата жртва, сведоштво за животот, Марко (8:34 ) " И го повика народот, заедно со своите ученици и им рече: Кој сака да дојде по Мене, нека се одрече од себеси и нека го подигне својот крст и нека оди по Мене"; J. Chavalier-A.Gheerbrant, *Rječnik simbola*, Zagreb 1983, 309-316.

[9] J. Chavalier- A. Gheerbrant, *нав. дело*, 679; http://www.britannica.com/EBchecked/topic/148513/Cypraeidae

[10] J. Chavalier - A. Gheerbrant, нав. дело, 246. Камењата од Ерусалим се познати како доломитски, од нив биле подигнати значајни споменици, како и Западниот ѕид, види : www.jerusalemstoneusa.com/aboutstone.html;en.wikipedia.org/wiki/Jerusalem_stone;www.answers.com/topic/jerusalem-stone#ixzz1Glqq1Soh

[11] Исус Навин (4:6-7): Тоа ќе биде спомен меѓу вас. Кога еден ден вашите деца ќе ве прашаат:" Што значат овие камења?" - ќе им речете: "Водата на Јордан се раздели пред Ковчегот на Господовиот Завет, кога поминуваше преку Јордан. И овие камења ќе им бидат вечен спомен на Израелевите синови. "

[12] Книга прва Самоил (2:2 ), Книга втора Самоил (22:2), Пророк Исаија (17:10), Јов (38:6), Псалми (28:1), (31:1), (95:1), Послание на апостол Павле на Римјаните (9:33), Откровение (2:17)



*Сл. 4. Распетие Христово, XIX век, дрво*
*Fig. 4. Crucifixes, 19th century, wooden cross*



*Сл. 5. Крштевање Христово, XIX век, дрво*
*Fig. 5. Baptisms, 19th century, wooden cross*

кога Богородица бега од Ерусалим таа на ова растение му дала вечен живот, а билката за првпат се јавува во Европа по Крстоносните војни, кога е донесена како ботаничка реликвија. Оние што патувале во Светата земја го набавувале коренот за сеќавање на престојот и двапати годишно во семејството го ставале коренот во вода, за Божик и за Велигден. По празниците коренот се вадел и се чувал во исушена состојба. Ќуќата што го чувала овој корен се сметала за "благословена".[13]

Со овие неколку предмети што биле донесени од архимандритот Јоаникиј скромно придонесуваме за сеќавањето на овој недоволно истражен наш "иден светец", чиј живот може да го споредиме со кажувањата од Псалмите 37:3-6: " Надевај се на Господа и прави добро, живеј на земјата и храни се со вистината. Сета твоја радост нека биде во Господа: Тој ќе ги исполни желбите на твоето срце! Предај Му ги на Господа своите патишта, надевај се на Него, и Тој ќе води се'. Твојата правда ќе блесне како светлината и твојот суд како пладне."

[13] encyclopedia2.thefreedictionary.com/Anastatica+hierochuntica;www.britannica.com/bps/browse/alpha/j/18.

Jasmina Čokrevska – Filip

# REMEMBERING JOANIKIJ HAĐI ČEŠMEĐIEV THE PRIOR FROM RAKOTINCI

*Summary*

The father Joanikij Hađi Češmeđiev was born in Ohrid in 1839, and died in the village of Rakotinci in vicinity of Skopje in 1940.The prior became a monk at an early age, and his work was carried out on Mount Athos, Nerezi, Marko's monastery, and later on in the village of Rakotinci. He is credited for restoring the church of St.Elijah with the aid of the local peasants in 1879, painted by the zographs Petre and Nace Nikolovi from Veles.He is also recognized for building a school. During his life time the father was well known for his medical cures and had written a book called "Lekaruša ", including many remedies, but also for building his own grave by the monastery. During the $19^{th}$ century the father visited the Holy Land, and on his return he gave several gifts to his niece. In this paper we look at the cherished offerings, a small crucifix, three stones, a shell, and a small root from the Jericho rose. The father's corpse after his death appeared several times, and his body was taken by the Macedonian Orthodox Church and housed in reliquary. Today the father Joanikij Hađi Češmeđiev is initiated in the process of canonization.